Татјана СТОЈАНОСКА

**УДК: 316.647.3 : 316.774**

# АГРЕСИВНОСТА ПРИКАЖАНА ПРЕКУ МАС-МЕДИУМИТЕ – ПРИЧИНА ЗА МОРАЛНА ПАНИКА

**Кратка содржина**

*Моралната паника, со сите нејзини карактеристики, како и причините за нејзиното појавување и нејзината поврзаност со сè позачестеното прикажување на агресивното однесување во мас-медиумите ќе бидат елаборирани во овој труд. Светот во кој живееме е преполн со агресија и, со насилство, а причините и последиците од агресијата и насилството се прикажуваат преку мас-медиумите кои, во последните децении, станаа едни од најмоќните фактори на социјализацијата. Активностите од агресивното и насилничко однесување најчесто се поврзуваат со младите луѓе, пред сè како потенцијално неморални и како закана за општоприфатениот начин на живот. Новинските наслови секојдневно нè предупредуваат на некоја нова опасност која произлегува од ослабениот морал и сето тоа е причина за појавата на морална паника. Моралната паника, во последните години од 20 век, е топ-тема во светот, додека кај нас слободно може да се каже дека сè уште се наоѓа некаде на маргините, иако постои огромна потреба таа да се експлицира и да се потенцира, пред сè поради кризата на вредносниот систем и се поприсутното агресивно однесување на младите, како и сè позачестеното прикажување сцени на агресија и на насилство преку телевизијата која, во голема мера, го обликува однесувањето на младите.*

***Клучни зборови:*** *МОРАЛ, ВРЕДНОСТИ, АГРЕСИЈА, НАСИЛСТВО, МОРАЛНА ПАНИКА, МАС-МЕДИУМИ.*

## I. Вовед

Современото општество во кое живееме денес се карактеризира со научнотехнолошки развој, со информатичко-кибернетички прогрес, со информациски бум и со експлозија на мас-медиумите, со еден збор динамични промени во сите сфери на општественото живеење. Вистинскиот, реалниот свет, денес е многу полиберален, луѓето се помалку склони кон предрасуди, полесно

ги прифаќаат нештата кои порано ги осудувале, има многу поголема слобода – која од една страна, носи избор и разноликост, но, од друга страна, можност за ризик, опасност и нарушување. Општествените промени кои ни се случуваат можат, некогаш, да бидат и толку брзи што не можат да бидат следени и со соодветна промена на нормативниот систем, вклучувајќи ги, пред сè, вредностите и моралните норми. Во таа трка да се фати чекор со промените, се случува да дојде до вакуум на вредности, до морална празнина и до криза на моралниот поредок. Во такви моменти, брзината на промените наметнува да не се почитуваат старите норми, а новите сè уште не се создадени или, пак, одредени вредности кои биле на долното скалило од хиерархијата на вредностите, испливуваат на површина, за сметка на оние кои биле на врвот на вредносниот систем, а сега се маргинализирани.

Промените што се случуваат континуирано донесоа и експанзија на мас-медиумите и, со право, денес може слободно да се говори за ера на мас-медиумите, бидејќи денес тие се распространети низ целиот свет и се достапни до милиони реципиенти ширум планетата Земја. Слободата на мас-медиумите им дава можност тие да се достапни до широката публика и, без строга цензура, да нудат различни содржини, во зависност од вкусовите на гледачите. Следејќи ги содржините што ги нудат телевизиските канали, се забележува еден широк спектар од програми и од емисии, со различна содржина и наменети за различни генерации. На дел од тие програми се емитува и програма која прикажува агресивно и насилничко однесување, преку филмови и серии, кои ги следат и млади луѓе, а сето тоа може да се одрази врз нивниот понатамошен развој.

Оттука произлегува и причината за појавата на морална паника, како резултат, најпрво, на слабеењето на моралните вредности и на кризата на вредносниот систем, но и на сè позачестеното емитување и прикажување на содржини проследени со агресивно и со насилничко однесување од страна на мас-медиумите.

## II. Вредностите и моралот во современото општество

Карактеристиките на современото општество се однесуваат, пред сè на брзината на промените кои се случуваат во него, и тоа во сите општествени сфери, како и на либерализмот којшто

владее и кој претпоставува отвореност и слобода. Слободата е присутна во сите сфери на човековото суштествување, но прашањето кое често се поставува е: дали слободата нужно претпоставува и поголема слобода во прифаќањето на вредностите и на моралот или, спротивно, дали слободата води кон помало приклонување на вредносниот систем кој доминира во едно општество? Ставовите меѓу научниците по тоа прашање се поделени и се спротивставени. Според Ниче (Niče,1990) слободата претпоставува можност за избор, а моралот го ограничува човековиот избор. Ниче (Niče,1990) исто така потенцира дека моралот е меѓу најдолните човекови работи и тој е буквално измислен за да го заробува духот и за да ги ограничува постапките на силните кои би требало да го унапредуваат човештвото. Од друга страна, професорот Темков (Темков, 1999) смета дека новиот етички дух на современоста, ја поттикнува етичката моќ на човекот и го буди кај него подзаспаниот етички код, кој го води човекот да го избира исправното, а да го избегнува лошото, да сака да го прави доброто, а да бега од злодејанијата, да се велича себеси и другите кога постапуваат правилно, а да се срами кога смислата на постапувањето им е неправилноста. Всушност, вредностите и моралот денес се практичен избор од страна на човекот на нужни животни вредности и на морални норми кои ќе го направат животот на современиот човек подобар и тешкотиите со кои се соочува тој полесно надминливи, сè со цел за подобар напредок и просперитет.

Зборувајќи за вредностите и за моралот на современото општество, пред сè треба да се истакне дека тие не се експонирани само во современоста, ниту пак се плод на современото општество. За да се разберат подобро и за да се сфати нивното влијание денес, треба да се истакне и нивното потекло, значењето и улогата што ја имаат во животот на човекот.

Со самиот настанок на човекот и на неговиот развој, настануваат и норми кои ги регулираат односите меѓу луѓето. Како што истакнуваат Пејаковиќ и Оташевиќ (Pejaković, Otasević, 1999:7), луѓето, уште во најпримитивната првобитна заедница започнале со одредени меѓусебни групирања и, во тие групи, формирале одредени норми на однесување (пранорми). Во тие пранорми се зачетоците на обичаите, на вредностите и на моралот како правила за однесување во заедничкото живеење. Според нив, моралот израснува од човековиот разум, од интелектот, од способноста за сознание и за планирање. Општо земено, вредностите се извор на

моралот и тие се подвижниот механизам што го води човекот во остварувањето на своите желби, а пак моралот се однесува на суштинските, на внатрешните вредности на поединецот, коишто тој ги усвојува со учество на свеста и со чија помош тој го обликува своето однесување. За значењето што го имаат вредностите во човековиот живот, говорат и Кристина Етдкок и Бен Рејк (Rejk, Edkok, 1976) и, според нив, поединечните состојби или објекти кон кои се стреми лицето или ги велича, доброволно ги користи или се изложува на трошок за да ги стекне, преставуваат вредности. Според нив, вредностите ја анимираат личноста и ги дефинираат нејзините привлечни и одбивни делови. Ваквото определување на вредностите ја потврдува нивната втемеленост во моралот кој најсеопфатно би се дефинирал во Социолошкиот терминолошки речник, според кој, моралот е посебен издиференциран облик на општествена свест што произлегува од заедничкиот живот, а преставува поврзан систем на ставови, на мислења и на верувања, најчесто изразени како правила за она што е добро, а што лошо за човекот и за општеството. Моралот е оној дел од човековата свест кој е изразен во определените норми што го регулираат поведението на човекот, неговите постапки во општествениот живот, како упатства и директиви дека нешто треба да се направи или како забрана нешто да не се направи. Основата на моралот ја чинат моралните норми кои се еден вид на општествено непишано правило со кое се утврдува што е добро а што е лошо во поведението на човекот и тие го сочинуваат самиот став што налага нешто да се прифати или да се отфрли и тие се согласни со критериумите на доброто и на лошото, како и со моралната оценка или осуда што настанува по некое морално поведение, а е дел од моралниот систем на еден човек или на една општествена заедница.

Моралниот систем на вредности е неопходен дел од секое општество и неговото прифаќање и постапувањето според моралниот кодекс претпоставува нормално и правилно функционирање на луѓето во општеството. За вредностите и за моралот се смета дека се најтрајниот дел од културата на секое општество и тие мошне тешко се менуваат. Нивното прифаќање или отфрлање придонесува за обликување на човековото однесување. Но, иако се тие основа за градење на личноста на човекот и еден од најбитните сегменти за неговиот опстанок во светот, сепак постојат периоди кога моралните норми се отфрлаат и не се почитуваат, односно вредносниот

систем кој бил устоличен, се обезвредува, и сето тоа поттикнува состојба која е позната под името „морална паника“.

## III. Поимот и причините за морална паника

Поимот морална паника кај нас можеби не е доволно експлициран, но, во светот, барем во последниве дваесетина години е мошне често употребуван. Прашањето кое само од себе се наметнува е: што е морална паника, зошто и во кои случаи се појавува и каков е крајниот исход од моралната паника? Според популистичката идеологија која најчесто се пласира преку пишаните медиуми, моралната паника се јавува кога поголем број на луѓе-поборници за природно здрав разум и за морално здравје, но едноставни, обични луѓе, се спротиставуваат и бурно реагираат на одреден настан кој ги руши моралните стандарди и кај нив, најпрво, предизвикува морален гнев, а потоа се раѓа и морална паника. Инаку, првиот извештај за морална паника е објавен во 1971 година, од страна на британскиот социолог Џон Јанг (Jang) кој, посматрајќи го проблемот на загриженоста на јавноста поради статистичките податоци кои укажувале на алармантниот пораст на употребата на дрога, увидел дека моралната паника поради земањето дрога има исходиште во основање на полициски единици за наркоманија па, како последица, има зголемено апсење на зависници. Моралната паника денес во светот не е некоја новина и таа најчесто се јавува поради криминал, а посебно кога активностите на младите се преставуваат како потенцијално неморални и како закана за општоприфатениот начин на живот. Значи, морална паника се јавува, пред сè, кога постои опасност од рушење и загрозување на моралниот поредок во општеството, а моралниот поредок е загрозен од активности кои се сметаат за девијантни. Оттука можат да се извлечат и основните карактеристики и елементи на моралната паника кои, според Кенет Томсон (Tompson,2003:16) се следниве:

- нешто се дефинира како закана на вредностите или интересите;
- оваа закана медиумите ја прикажуваат како лесно препознатлива форма;
- нагло расте загриженоста на јавноста;

- се јавува реакција на власта или на оние кои влијаат на јавното мнение;
- паниката се повлекува или резултира со општествени промени.

Овие карактеристики што ги истакнува Томсон (Tompson, 2003) ни потенцираат дека моралната паника подразбира претпоставка дека заканата е упатена кон нешто што се смета за свето или за исклучително важно. Причината што се употребува терминот морална паника произлегува токму од потребата да се истакне дека заканата не му е упатена на нешто профано (пример економски приходи или образовни стандарди), туку е закана за самиот општествен поредок или идеализирана претстава за еден негов дел. Коен (Cohen, 1980) истакнува дека на таа закана која предизвикува морална паника се гледа како на зли демони и тоа предизвикува да се побуди чувство на правичност. Тој исто така, истакнува дека е поголема веројатноста одреден настан да се забележи како закана и дека тој истиот ќе поттикне морална паника доколку општеството или некој негов важен дел е во криза или минува низ вознемирувачки промени кои доведуваат до стрес и веројатно дека одговорот на таквите закани ќе биде барање на построга општествена регулација или контрола, како и враќање на традиционалните вредности. За моралната паника говори и социологот Хауард Бекер (Becker, 1963) кој посебно става акцент врз улогата на таканаречените морални активисти. Тој смета дека благодарение на моралните активисти, јавноста се вознемирува и проблемот медиумски се експонира, а моралните активисти се тие кои се обидуваат и инсистираат да го вклучат јавното мнение во вистинско ангажирање во општествените движења и организации заради создавање притисок врз власта за да ја засили општествената контрола и да го регулира моралот.

Причините за појавата на моралната паника најчесто се согледуваат во фактот дека некој настан предизвикува опасност за вредносниот систем во едно општество, но не секогаш идентични настани предизвикуваат морална паника, и, во различни периоди, различни настани се причинители на моралната паника. Се поставува и прашањето зошто одреден круг на луѓе го напаѓа вредносниот систем на општеството и тоа доведува до морална паника? Кенет Томсон (Tompson, 2003) ова прашање го објаснува со фактот дека, во светот, околу 15 % од популацијата сè повеќе

увидува дека е исклучена од општеството, дека живее во сиромашни подрачја, дека се лишени од пристојното школување, дека се осудени на живот на периферијата на работната сила, без неопходни технолошки и работни квалификации за да бидат полноправни граѓани. Голем број луѓе ја чувствуваат таквата изолација и таквото отфрлање, и затоа, според Томсон (Tompson, 2003), не треба да нѐ изненади фактот дека одделни припадници на одредена поткласа чуствувајќи се отфрлени од општеството, одбиваат да ги почитуваат неговите правила, се однесуваат општествено неприфатливо и покажуваат склоност кон криминал. Токму тие групи, според Томсон (Tompson, 2003), се носители на уривањето на постојниот вредносен систем и подвижници за воспоставување на еден нов морален поредок кој би соодветствувал со нивните животни принципи. Она што може да се забележи е дека, најчесто, моралната паника, односно уривањето на стариот и барањето нов морален поредок се поврзува со младите, а тоа е така бидејќи младите луѓе од една страна се носители и придвижувачи на општествените промени, а од друга страна, во периодот на адолесценција и во младите години, во најголем дел се усвојуваат вредностите и морални норми кои преовладуваат во едно општество. Поради тоа, логично е младата личност најмногу да е изложена на ефектите кои ги носи моралната паника.

Моралната паника, како што напоменав, во различни периоди се јавувала за различни прашања и проблеми. Нејзините почетоци се врзуваат за ѓрупите тинејџери кои оделе по кафетерии, носеле џинс и слушале рокенрол (rock and rol)l. Значи рокенролот и џезот биле прогласени за појави кои ги водат младите во промискуитет и во антисоцијално однесување. Подоцна, паниката била префрлена на кафетериите, за кои се сметало дека лошо влијаат врз моралот на младите, потоа се верувало дека сексуалното ослободување во 60-тите има погубно влијание и ги урива традиционалните семејни вредности. Во 70-тите, моралната паника се префрлува на криминалот, но уживателите на дроги и на психотропни супстанции, а за денешната современа морална паника може слободно да се каже дека е насочена кон малку поинакви теми одошто порано. Современата морална паника опфаќа сѐ повеќе луѓе кон својата мрежа и таа се концентрира на прашања поврзани со злоупотребата на деца, со семејното насилство, со насилството врз жената на работното место, со сидата и сексот на екраните, со

уличните деца, а посебно, во најскоро време, е актуелизирано прашањето за морална паника поврзана со агресијата и насилството и со нивното сè позачестено присуство на ТВ-екраните.

### IV. Агресијата, насилството и мас-медиумите

Како што напоменавме, во светот, а посебно кај нас, сè повеќе се експонира прашањето за позачестеното прикажување на агресивни и насилни сцени на екраните што, во секој случај, ја разбранува јавноста и предизвикува морална паника. Особено во последно време, општествениот и моралниот поредок почнуваат да се сметаат за загрозени бидејќи технолошкиот развој доведе до јавно прикажување на агресивноста на екранот. Средствата за масовна комуникација: филмот, телевизијата, радиото, печатот, преставуваат моќни фактори на влијание врз современиот човек. Преку нив се пренесуваат информативни, едукативни и забавни содржини и сето тоа е во функција да се излезе во пресрет на сè понагласените потреби на современиот човек за да биде известен за значајните општествени процеси, да ја развива својата личност и, во слободните часови, да го исполни своето време со содржини со кои може да се забавува и да се рекреира. Мас-медиумите го шират видокругот на човековото знаење и го будат интересот, посебно на младите, за усвојување на научни и културни достигнувања кои ќе ја збогатат животната и моралната димензија на младиот човек. Но, од друга страна, особено во последно време, особено телевизијата, продуцира програма исполнета со насилство кое, во секој случај негативно ќе влијае врз социјализацијата на младата личност. Како што истакнува и Жарко Јашовиќ (Jasović,1983:257) помеѓу научниците постојат контроверзни ставови за улогата на мас-медиумите врз личноста. Според едни, средствата за масовна комуникација немаат посебно влијание врз младите, за разлика од други кои сметаат дека средствата за масовна комуникација остваруваат катастрофални последици на младите и преставуваат одлучувачки фактор за агресија и за криминал кај младите. За да се направи поточна паралела помеѓу агресивното однесување прикажано од мас-медиумите, посебно на телевизијата, и моралната паника, најпрво треба да се појаснат поимите агресија, мас-медиуми, телевизија, да се согледаат нивните основ-

ни карактеристики и нивното влијание денес, во современото општество.

Насилството на човекот, според Сулејманов (Сулејманов, 2000: 451), го сочинуваат две основни компоненти: агресивноста и агресивното поведение. Ако се тргне од тоа дека агресивноста е психичко својство на личноста што се карактеризира со зголемена готовност за акција (агресивно поведение), а агресивното поведение е дејствие што се манифестира во напад (физичка активност), насочен против други лица со намера да им се нанесе штета, тогаш агресивноста и агресивното поведение се заедничка карактеристика на сите кривични дела со елементи на насилство. Професорот Лазароски истакнува дека (Лазароски, 1997) постојат два вида сили што го поттикнуваат и го контролираат човечкото однесување, а тоа се позитивни и негативни, кои се проследени со различни емоции и, врз основа на тие сили луѓето се однесуваат алтруистички (просоцијално) или агресивно (антисоцијално). Според Лазаревски (Лазароски, 1997: 75), агресивното е такво однесување кое се манифестира со напад на друга личност, а со намера да ѝ се нанесе штета или таа да се повреди. Емоцијата на гнев е карактеристична психичка реакција на агресивниот импулс, а самото агресивно однесување е следено со задоволување во самиот агресивен акт.

Прашањето кое се наметнува е: дали континуираната изложеност на агресија преку филм или телевизија е причина за зголеменото агресивно однесување кај гледачите и каков е ефектот од гледањето на филмови или емисии со агресивно однесување на соодветното однесување на гледачите? Според Лазароски (Лазароски, 1997:109), големиот број истражувања покажуваат дека изложеноста на агресивно однесување преку мас-медиумите може да биде фактор кој придонесува за повисок степен на насилство. Во прилог на ова, би го изнеле и ставот дека големиот број детски маскенбали го потврдуваат тоа, бидејќи најчесто децата се облечени како своите омилени јунаци од екраните (Дигимон, Покемон и сл), вооружени со пластични пиштоли и со мечеви кои симболизираат сила и моќ.

Ова е дополнителен доказ за моќта што ја имаат мас-медиумите, посебно телевизијата. Мас-медиумите се јавни а тоа значи дека емисиите кои ги прикажуваат и пораките кои ги емитуваат им се достапни на сите. Според професорот Зоран Матевски

(Матевски, 2000: 12), општествените сознанија кои се пренесуваат преку мас-медиумите постепено можат да прераснат во ставови и во вредности или да доведат до нивното менување. Според него, телевизијата, во однос на другите мас-медиуми, е најбрза, најеластична и најажурна во пласирањето информации. Таа е универзален медиум кој влијае во сите области на општествениот живот и е најсовремено средство за масовна комуникација. За влијанието на телевизијата врз однесувањето на младите, посебно за прикажувањето агресија на телевизијата, говорат и препораките што ги предлага Советот за радиодифузија, како мерки, заради спречување на прикажувањето сцени со агресивно и со насилничко однесување на телевизијата. Според Предлог-проектот, изработен од страна на Џокиќ и Стојаноски (Џокиќ, Стојаноски, 2001:4), на Советот за радиодифузија, се препорачува додавање на членот 35 според кој:

- сите содржини на телевизијата треба да бидат на потребно воспитно и естетско ниво;
- во програмата, не смеат да се прикажуваат непристојни содржини, особено агресија, насилство и порнографија;
- во програмата, не можат да се емитуваат емисии кои можат штетно да влијаат врз телесниот, духовниот и моралниот развој на децата и на младинците.

Целта на овие препораки е да се спречи прикажувањето насилнички сцени на ТВ-екраните бидејќи тоа води кон слабеење на моралните вредности кај луѓето, а доколку не се почитува тоа и се прикажуваат сцени на насилство, ќе се урнат моралните бариери а сето тоа е плодна почва за морална паника.

## V. Агресијата, телевизијата и моралната паника

Агресијата и насилството се дел и од светот, но не нè заобиколуваат и нас. Нивното сè позачестено присуство и во практиката и преку мас-медиумите придонесува сè поголем број деца и младинци да практикуваат агресивно однесување кое, во најголема мера е резултат на неговото прикажување од страна на телевизијата. Од друга страна, таквиот однос на медиумите, кои прикажуваат агресија, влијае за ослабување на моралниот поре-

док и за втемелување на некои други вредности кои не влијаат позитивно врз развојот на младите а сето тоа продуцира појава на морална паника.

Посебно во последно време, агресијата и насилството играат голема улога во медиумското известување. Сè почести се случаите кога јавноста е бомбардирана со сцени на насилство, главните јунаци се главно црни херои на нашето секојдневие и сето тоа се прикажува главно во ударните термини, во период кога поголемиот дел од публиката е прикован пред телевизиските кутии. Емисиите кои се прикажуваат на телевизија се следат од страна на различни генерации, профили и кадри, вклучувајќи деца, возрасни, работници, домаќинки, научници и тие се публиката која ја воспriема информацијата, но и тие се оние кои се повикани да реагираат на несоодветните содржини прикажани на телевизијата, особено на оние содржини кои се насочени против вредносниот систем на едно општество. Сите такви телевизиски содржини кои директно прикажуваат или асоцираат на насилство (изведено преку убиство, самоубиство, ранување, повредување и слично) претставуваат директна основа за создавање психичка траума врз личноста на детето и на младинецот и за формирање, кај него, на една искривоколчена слика за вредностите која не соодветствува со реалниот морален поредок. Ова посебно се однесува на сцените и на содржини кои го величаат агресивното и насилното однесување, како метод на избор во разрешувањето на конфликти. Слободно може да се претпостави дека сцените со агресија и со насилство, покрај погрешната слика што ќе ја создадат кај младите, можат и да ги научат нив на техниките на вршење престапи и да дејствуваат сугестивно, наведувајќи ги децата и младите да поддржуваат вакви дела како израз на сопствената агресија. Телевизијата може да биде подготвително училиште за престапништвото, особено ако репродуцира филмови богати со агресија и со насилство. Тие филмови, во прв ред, истакнуваат криминални и агресивни постапки и филмови кои го величаат лесниот и паразитскиот живот и се без етички пораки. Филмовите со такви содржини можат да ги поведат младите во фиктивен свет, да ги оптоварат со нереални мотиви и да ги потхранат нивните негативните навики, вредности, ставови. Како доказ за негативното влијание што го продуцира телевизијата врз младите, прикажувајќи филмови со агресија и со насилство, кои ги урииваат сите морални ко-

декси и поттикнуваат негативно однесување, Жарко Јашовиќ (Jašovć, 1983:258) наведува истражување кое е доказ за таквиот став и кое покажува дека 49% од испитаниците посакале да поседуваат оружје под влијание на филмот, 28% дознаваат за механизмите за кражби од филмот, 20% агресивно реагираат под влијание на филмот.

И во светот и кај нас, во просек, луѓето гледаат дневно 4 до 5 часа телевизија и, за разлика од другите медиуми, телевизијата кај гледачите го буди чувството дека она што се гледа е реално. Влијанието на телевизијата се зголемува особено последниве децении, а причината за тоа се големиот број приватни телевизии и кабелски оператори. Во голем број семејства има по два телевизора, при што родителот тешко може да го контролира детето што гледа. Посебно што и детските серии изобилуваат со насилство, а тие, преку реклама и наградни игри, ги стимулираат децата да ги гледаат, а во најголем дел тие серии продуцираат агресивно однесување. Почнувајќи од цртаните филмови (Том и Џери, Брзата Птица Итрица и сл.), кои се директно наменети за децата, па преку сериите, како Покемон, Дигимон и сл., телевизиите директно ги туркаат децата и младите во еден поинаков начин на играње и на комуникација покажувајќи им модели кои користат оружје и борбени вештини. Децата ги имитираат тие модели и се учат постепено на агресивно однесување, но и на еден поинаков систем на вредности. Како поткрепа на продуцирањето филмови со неетичка содржина придонесуваат и кабелските оператори. Според Советот за радиодифузија, во Македонија има 1 државна телевизија и 4 телевизиски куќи кои имаат национална концесија, што значи дека можат да емитуваат програма на територијата на целата држава. Во секој град во државава има приватна телевизија, а во некои и по неколку, и тоа во Скопје има 10 приватни телевизии и 17 радија, во Тетово, 5 приватни телевизии, во Куманово, 4 приватни телевизии итн., а, покрај тоа, има и голем број кабелски оператори.

Сето ова придонесува да бидат емитувани програми со најразлична содржина, при што не може да се влијае на изборот и на квалитетот на програмата. Од друга страна, малку им се посветува внимание на препораките за неемитување емисии со насилно и со агресивно однесување и емисии кои ги рушат моралните кодекси на едно општество.

Психијатарот Звонко Џокиќ (Џокиќ, 2001:14) смета дека 4 процеси се вклучени кога детето е изложено на насилство преку мас-медиумите кои влијаат врз стимулирањето на агресивноста:

- при изложеноста на насилство преку мас-медиумите, слабее инхибицијата на гледачот за ангажирање во слично однесување какво што е гледаното;
- се учат нови техники за атакување врз други што не биле познати порано;
- гледањето други агресивни акти силно влијае врз гледачот тој да добие други дополнителни агресивни идеи и мисли;
- континуираната изложеност на насилство преку мас медиумите може да ја редуцира емоционалната сензитивност на насилството и на трагичните последици на агресијата и таа го олеснува ангажирањето на гледачот во агресивни акти против други.

Сите овие податоци и факти ни говорат дека ние, секојдневно, сме бомбардирани од страна на телевизиите и на другите медиуми со информации кои покажуваат насилство, агресија и лажен морал. Затоа, потребни се низа активности заради спречување на тој тренд и за да не бидеме само неми сведоци на случувањата околу нас чекајќи, пасивно, некој друг да иницира морална паника.

## VI. Заклучок

Секој човек барем еднаш во животот се запрашал: дали човекот е толку немоќен или, обратно, телевизијата е толку моќна за да го направи човекот свој роб и да го обликува неговото однесување? Дали сме во состојба да реагираме и да преземеме акција против прикажувањето агресија и насилство на телевизиските екрани и во емисии со сомнителни морални пораки? Кој треба да го крене гласот и јавно да проговори за ваквото вулгарно туркање на емисии со морално непроверен карактер?

Поединечни акции не би биле од корист, туку само една глобална акција би придонела да се поправи проекцијата за мас-медиумите кај нас и, секако, морална паника која ќе донесе прогрес, посебно во јакнењето на вредностите кај младите, врз кои медиумите имаат посебно влијание. Но, сепак, треба да се започне со еден вид трансформација најпрво на мас-медиумите и нивно при-

способување кон нормативи кои ќе придонесат за нивното правилно восприемање од страна на младите.

Токму поаѓајќи од фактот дека извесни филмски содржини придонесуваат за агресивно и за престапничко однесување, било во смисла на негативна социјализација на младите било во вршење на агресивни дејствија, голем број од земјите преземаат административни и други мерки кои или го забрануваат прикажувањето на одредени филмови или на младите им се забранува гледање на такви филмови. Малку се земјите во светот кои немаат посебна цензура за филм, а целта е да се предупреди за негативните импликации што можат да настанат по младата личност.

Сето ова ја имплицира потребата од една посеопфатна акција на јавноста и на стручните лица кои би потикнале една морална паника поради сè позачестеното прикажување агресија преку мас-медиумите бидејќи, оставајќи ги работите такви какви што се, младите сè повеќе ќе прифаќаат деструктивен начин на однесување кој ќе влијае негативно и врз нивната личност како социјални и како морални битија.

За таа цел и во насока на прогресирање на мас-медиумите во нашата држава, треба да се почитуваат некои стандарди како, на пример: во ТВ-програмите за деца и за младинци да не бидат застапени содржини кои можат, преку прикажувањето агресија и насилство да предизвикаат психолошка, морална и развојна траума, како и во сите програми за деца и млади да се препорачуваат содржини кои ќе го јакнат здравиот идентитет и моралните вредности.

За таа цел, сите институции на системот, но пред сè телевизијата, како средство за масовна комуникација, треба да обезбедат повеќе простор за содржини кои развиваат и негуваат интелектуални, работни, културни, општествено-политички и морални ставови, навики и интереси како и содржини кои ќе ги оспособуваат младите за успешно вклучување во позитивните општествени процеси и односи.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Матевски*)

## БИБЛИОГРАФИЈА

Лазароски, Ј., 1997, *Алтруистичко и агресивно однесување*, Скопје: Матица македонска

Матевски, З., 2000, *Масмедиумите и наставата*, Скопје: ЗСМ.

Сулејманов, З., 2000, *Македонска криминологија*, Скопје: Графохартија

*Социолошки терминолошки речник*, 1995, Скопје: МАНУ

Темков, К., 1999, *Етиката денес*, Скопје: Епоха

Цокиќ, З., Стојаноски, Н., 2001, *Препораки за заштита на децата и младите од насилството и порнографијата на телевизијата*, Скопје: СРД

Becker, H., 1963, *Outsiders*, New York:Free Press

Best, J., 1990, *Threatened children*, Chicago: University of Chicago

Cohen, S., 1980, *Folk Devils and Moral Panics*, London: MacGibbon &Kee

Douglas, M., 1986, *Risk*, London:Routledge

Duster, T., 1970, *The Legislation of Morality*, New York: Free Press

Jašović, Ž., 1983, *Kriminologija*, Beograd: Naučna knjiga

Niće, F., 1990, *Geneologija morala*, Beograd: Grafos

Pejaković, S., Otašević, V., 1999, *Razvoj etičke misli i moralnog ponašanja*, Niš: Prosveta

Rejk, B., Edkok, K., 1976, *Vrednosti, stavovi i promena ponašanja*, Beograd: Nolit

Smith, H. B., Bruner, J. S. and White, R. W., 1956, *Opinions and Personality*, New York: John Wiley

Tompson, K., 2003, *Moralna panika*, Beograd: Clio

Tracey, M., Morrison, D., 1979, *Whitehouse*, London: Macmillan

Ćeparović, Z., 1981, *Kriminologija i socijalna patologija*, Zagreb:PFZ

Tatjana STOJANOSKA

## THE AGGRESIVITY PRESENTED THROUGH THE MASS MEDIA REASON FOR ETHIC PANIC

### Abstract

*The moral panic with all its caracteristics, as well as the reasons for its emergence, and its connection with the incresingly frequent presentation of the aggressive behaviour in the mass media will be discussed in this work. The world we live in is brimming with aggresion and violence, and the reasons and consequences from the aggression and the violence are presented through the mass media, which in last decades became one of the most powerful factors of the socialization. The activites of the aggressive and violent behaviour are the most often connected with young people, first of all as potentially immoral and as a threat to the generally accepted way of living. The newspaper headings warn us everyday of a new danger arising from the weakened morals, and all that is a reason for emergence of moral panic. The moral panic in the elapsed years of the 20$^{th}$ centry was a top topic around the world, while in our environment one may feel free to say that it is still somewhere in the margins, although there is a tremendous need for its being explicated and emphasied, first of all becouse of the crisis of the sistem of values and the increasingly aggressive behaviour of young people, as well as the increasingly frequent presentation of scenes of aggression and violence on television, which shapes to a large extent the behaviour of young people.*

***Keywords:*** *MORALS, VALUES, AGGRESSION, VIOLENCE, MORAL PANIC, MASSMEDIA.*